48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**1.625.021**	**6.500.086**	**0**
		БУЏЕТ	1.625.021	6.500.086	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0

ВКУПНО	**1.625.021**	**6.500.086**	**0**

JDM Реконструкција на влез во с.БаШино Село

ЦЕЛ Целта на овој проект е реконструкција на влез кон с.БаШино Село со со зарШен слој асфалт кој е во лоША состојвба и со сообраЌајно реШение на хоризонтална и вертикална сигнализација.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**3.126.317**	**12.505.267**	**0**
		БУЏЕТ	3.126.317	12.505.267	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**3.126.317**	**12.505.267**	**0**

JDN Локален пат Велес - ЧелоШево

ЦЕЛ Основна цел е целосна реконструкција и санација на локален пат од спој со уличната мрежа на Велес кај преминот на железничката пруга кн населба Речани и понатаму до село ЧелоШево како крајна стационажа.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**12.886.453**	**51.545.811**	**0**
		БУЏЕТ	12.886.453	51.545.811	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**12.886.453**	**51.545.811**	**0**

JDV Реконструкција на дел од ул.АД.Бауман со ул. АСНОМ до ул.В.КоШулчева

ЦЕЛ Подобрување на условите на движење и безбедност на учесниците во сообраЌајот при користење на дел од ул.Алексо Демниевски-Бауман од спој со ул.АСНОМ до спој со ул. Васа КоШулчева кај железничката станица во Велес. Со ова Ќе се создадат услови за нормално функционирање на локалната патна мрежа.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**2.514.804**	**10.059.220**	**0**
		БУЏЕТ	2.514.804	10.059.220	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0

ВКУПНО	**2.514.804**	**10.059.220**	**0**

JEL Партерно уредување на плоШтад и изградба на подземна гаража

ЦЕЛ Целта на проектот е преку изградба на подземна катна гаража да се намали сообраЌајната гужва во централно градско подрачје и да се обезбеди паркинг за 100 возила.Со партерно уредување би се изградил и плоШтад со амбиент атрактивен за секоја генерациј

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**14.209.248**	**68.296.811**	**0**
		БУЏЕТ	14.209.248	68.296.811	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**14.209.248**	**68.296.811**	**0**

JLD Регулација на р.Вардар во должина од253м на потег од под Мало мовче до Стар мост

ЦЕЛ Општа цел: Планот за урбана мобилност во Велес го препознава брегот на р.Вардар како важен јавен простор со туристички потенцијал. Довршувасее на кејот на река Вардар од местото каде завршува моментална изведба што ја изведува економскиот оператор Делта Пром до Стар мост (со потегот под стар мост). Со доградба •е се добие уреден речен брег кој може да се користи како туристичка атракција како и поддршка на нови иновативни идеи за туристички бизниси.Со реализација на проектот •е се добие обновен брег на река во Вардар со неколку поставени киосци за уметнички и занаетчиски бизниси. Специфична цел 1:Подобруваасе на состојбите со брегот на р.Вардар со изградба на кејот на десниот брег во вкупна должина од 253м за период од 24 месеци со почеток на отплата во октомври 2024 и завршуваасе со отплата во септември 2026 година. Специфична цел 2:Зголемуваасе на искористеност на брегот на р.Вардар за 20 % од моментално искористуваасе за рекреација на граѓаните бидеј•и •е има 453м кеј на реката од едната страна и 140м од спротивната. Со изградба на кејот •е се добие нов лик на тој дел од градот.
Специфична цел 3:Организираасе на спортски манифестации кајак на брзи води и др. Специфична цел 4:Зачувуваасе на занаетите во изумираасе.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**0**	**21.091.759**	**0**
		БУЏЕТ	0	21.091.759	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**0**	**21.091.759**	**0**

JLE Партерно уредување на плоШтад и изградба на подземна гаража Фаза 1

ЦЕЛ На дадената градежна парцела предвидено е едно интегрално тело со неправилна форма и површина од 1508 м2. Објектот се предвидува да се изведува под кота на теренот, во чијшто габарит по вертикала се распоредени три нивоа сите под котата на теренот.Во рамките на теренот, на последното ниво е предвидено плато, партерно уредување, поплочено со имплементирање ниско и високо зеленило интегрирано со урбана опрема. Бројот на обезбедени паркинг возила е 100, од кои 3 се за лица со посебни потреби и 2 за електрични возила.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028

48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**35.613.493**	**67.058.171**	**0**
		БУЏЕТ	35.613.493	67.058.171	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**35.613.493**	**67.058.171**	**0**

JLG Реконструкција на дел од ул. РаШтански пат Д.Влахов Б.Трајковски и А.Д.Бауман

ЦЕЛ Општа цел: Подобруваасе на улична инфраструктура на повеће делови од градот каде уличната мрежа е најоштетена и создаваасе на услови за непречено одвиваасе на сообра•ајот и безбедност на сите учесници во сообра•ајот.
Специфични цели: 1.) Подобруваасе на состојбата на уличната мрежа - реконструкција на постоечката инфраструктура во вкупна должина од 2.476м, за период од 36 месеци со отплата од 07/2024 до 07/2027.
2.) Подобруваасе на безбедноста на учесниците за најмалку 10%, добиваасе на нов лик, и зголемуваасе на функционалност на улиците.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**9.922.289**	**5.787.992**	**0**
		БУЏЕТ	9.922.289	5.787.992	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**9.922.289**	**5.787.992**	**0**

JLK Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1 КО Велес

ЦЕЛ Целта на овој проект е изработка на потпорен ѕид кој воедно ја потпира и улицата која се наоЃа зад него.Се работи за потпорен ѕид позади станбена зграда и улица Благој Ѓорев бр 125.
Ширина на потпорниот ѕид е 50цм, висината е променлива, со рамномерен пад од 2,85-3,60м.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**247.755**	**991.024**	**0**
		БУЏЕТ	247.755	991.024	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**247.755**	**991.024**	**0**

JLM Реконструкција на јавна површина над скривница и деловен простор

ЦЕЛ Главна цел со реконструкција на плоШтадот е да се привлечат Што е можно поголем број на граЃани кои секојдевно би го користеле јавниот простор.Се предвидува осветлување и зеленило Што Ќе го оплемени плоШтадот, како и нови зони на седење, настреШници.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**3.918.392**	**15.673.565**	**0**
		БУЏЕТ	3.918.392	15.673.565	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**3.918.392**	**15.673.565**	**0**

LAI Основен проект за реконструкција на Спотска сала ГЕМИЏИИ - Фаза 1

ЦЕЛ На дадената градежна парцела предвидено е едно интегрално тело со неправилна форма и површина од 1508 м2. Објектот се предвидува да се изведува под кота на теренот, во чијшто габарит по вертикала се распоредени три нивоа сите под котата на теренот.Во рамките на теренот, на последното ниво е предвидено плато, партерно уредување, поплочено со имплементирање ниско и високо зеленило интегрирано со урбана опрема. Бројот на обезбедени паркинг возила е 100, од кои 3 се за лица со посебни потреби и 2 за електрични возила.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**3.138.048**	**12.552.191**	**0**
		БУЏЕТ	3.138.048	12.552.191	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**3.138.048**	**12.552.191**	**0**

NBT Реконструкција на фасада и кров на ССОУ ´Димитрија Чуповски" Велес

ЦЕЛ Главна цел на проектот е реконструкција на фасадата на ССОУ„Димитрија Чуповски" и реконструкција на фасада и кров на спортската сала на училиштето. Со ова •е се задоволат стандардите за енергетска ефикасност за објекти од ваков тип, а во исто време •е се заштити објектот од понатамошно оштетуваое.

	Категорија	Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**3.495.496**	**9.429.044**	**0**
		БУЏЕТ	3.495.496	9.429.044	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**3.495.496**	**9.429.044**	**0**

WAN Реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти

ЦЕЛ Главна цел е реконструкција на противпожарниот дом со гаража и други пропратни објекти. Со ова Ќе се реконструираат објекти изградени во 1978 година кои до сега не биле предмет на реконструкција. Ќе се и зголеми енергетската ефикасност.

Категорија		Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**5.106.981**	**20.427.925**	**0**
		БУЏЕТ	5.106.981	20.427.925	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**5.106.981**	**20.427.925**	**0**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со ***вториот Ребаланс на Буџетот на Општина Велес за 2026 година***, согласно дополнувањата на програмите за активностите за 2026 година на Општина Велес во областа на: Евроинтеграциите и ЛЕР; Уредување на градежно земјиште; Информатичка технологија; Урбанизам; Образование; Социјална заштита; Култура и меѓународна соработка; Спорт; Млади ; Поддршка на граѓански сектор; Промоција, комуникација со јавност и меѓународна соработка; Заштита на животна средина; Заштита и спасување, противпожарна заштита и управување со кризи, донесени на 17. Седница на Советот на Општина Велес, колоната за основен Буџет се намалува за **225.958.176** денари.

226.464.114 денари е намалување на *Основниот буџет*, поради префрлање на плановите за развој во следната година, поради неможност за реализација на истите во тековната 2026 година.

За **505.938** денари се зголемува *Основниот буџет*, поради зголемена дотација на ДДВ, согласно известувањето од Министерството за финансии, со бр.08-3078/2 од 29.07.2026 година.

Во истиот допис е добиено известување и за намалување на наменската дотација за пожарникари, па согласно ова, буџетот на дотации има намалување за **18.460.000** денари.

Во буџетот на *самофинансирачки активности* има зголемување за **150.000** денари, на барање на ЛБ „Гоце Делчев“ Велес, поради организација на манифестацијата „Детски Рацинови средби“.

Вкупниот буџет е намален за **244.268.178** денари.

Подетално за сите нови изменувања, споредено со првичниот Буџет, во кои ставки и потставки се извршени изменувања на планираните средства, може да се проследат во колоните за Буџет и Ребаланс во посебниот дел од Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година. Извршено е коригирање кај оние потставки каде има потреба, поточно онаму каде има поголем процент на извршување или планирање на дополнителни средства. Додека во оние средства каде има мало извршување, направена е корекција со намалување на првично планираните.

Бр.409

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ - Велес

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/51
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 19 став 2 алинеа 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а согласно член 23 став 2 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.09/26)

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата со бр.01-159/6 од 21.10.2026 година

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/53
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.410

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/52
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини со бр.02-2057/4 од 14.10.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/54
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.411

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за давање согласност на Одлука за донесување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за донесување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/53
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес

1.Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес со бр.01-838/1 од 15.10.2026 година донесен со Одлука на Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ со бр.02-837/3 на седница одржана на ден 15.10.2026 година.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/55
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.412

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за утврдување месечен надоместок врз основа на присуство на седници на членовите на управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

Се објавува Одлуката за утврдување месечен надоместок врз основа на присуство на седници на членовите на управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/54
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 43 став 3, 4 и 5 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување месечен надоместок врз основа на присуство на седници на членовитена управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува месечниот надоместок, врз основа на присуство на седница на управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес.

Член 2

За присуство на седници на управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес им се утврдува месечен надомест врз основа на присуство на седница и тоа:

- за Претседателот надоместок во износ од 1.000,00 денари и
- за членовите надоместок во износ од 1.000,00 денари.

Член 3

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/56
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.413

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за констатирање престанок на мандат на претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес

Се објавува Решението за констатирање престанок на мандат на претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/55
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр. 202/24), член 58 став 2 и 4 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за констатирање престанок на мандат на претставник на Општина Велес за член
на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес

1. Со ова решение се констатира престанок на мандат на претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес:

   - Добривое Пауновски.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/57
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.414

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување претставник на Општина Велес
за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес

Се објавува Решението за именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/56
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 58 став 2 и 4 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес

1.Со ова Решение за претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес, се именува:

- Стефанија Гаврилова.

2. Членот на управниот одбор се именува за период од четири години, со право на уште еден избор.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/58
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.415

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за констатирање престанок на мандат на претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

Се објавува Решението за констатирање престанок на мандат на претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/57
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 88 став 5 и 7 од Законот за средното образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за констатирање престанок на мандат на претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес:

   - Иванка Славкова;
   - Емилија Несторовска и
   - Добривој Пауновски.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/59
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.416

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

Се објавува Решението за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година.

Број 08-4570/58
29.10.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 88 став 5 и 7 од Законот за средното образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

2. Со ова Решение за претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, се именуваат:

   - Иванка Славковска,
   - Емилија Несторовска и
   - Снежана Стојковска.

3. Членовите на училишниот одбор се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

4. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4569/60
29.10.2026 година
В е л е с

Бр.417

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.11/11),

Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на ден 20.10.2026 година донесе

Правилник
за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес

1.Во Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 17/22,18/22,16/23,12/24 и 17/25) се врши следното изменување и дополнување:

- Во член 3 став 2 во алинеја 1 и 2 пред зборот „година“ се додаваат зборовите „учебна/академска“.

- Во член 4 став 1 точка два после зборот „студенти“ се додава текстот „до 29 години“, понатаму во заградата после „со“ се додава зборот „минимум“.

- Во член 5 став 1 текстот се заменува со:

1.Бодирањето за **ученици** ќе се врши преку:

- Освоени награди во претходната учебна година на општински натпревари за I место со **8 бода**, за II место со **6 бода** и за III место со **4 бода**;
- Освоени награди во претходната учебна година на регионални натпревари за I место со **10 бода**, за II место со **8 бода** и за III место со **6 бода**
- Освоени награди во претходната учебна година на државни натпревари за I место со **16 бода**, за II место со **12 бода** и за III место со **8 бода**;
- Освоени награди во претходната учебна година на меѓународни натпревари за I место со **30** бода, за II место со **20** бода и за III место со **10** бода;

Кога е освоена награда во категорија на групно/тимско натпреварување бодовите се намалуваат за половина во однос на став 1 алинеја 1,2,3,4.

-Општествените и интелектуални иницијативи на учениците (учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и слично) ќе се бодираат со по 1 бод (учества во претходната учебна година)

Во случај да има двајца кандидати со ист број бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба- надоместокот кој се добива по член на семејството.

- Во член 7 став два зборовите „правни лица“ се бришат.
- Во член 9 последната алинеја се брише во целост.
- Во член 13 после зборовите „сите пријавени кандидати“ се брише и се заменува со зборот „добитници“.

2.Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-4014/6
20.10.2026 година
Велес

Претседател
на Комисијата за стипендирање на
талентирани ученици и студенти во Општина Велес
Снежана Бошевска

Пречистен текст

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.11/11),

Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти од Општина Велес на ден 20.10.2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД ОПШТИНА ВЕЛЕС

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите, видот и бројот на стипендиите, условите на објавување на јавниот конкурс, пријавувањето, начинот на доделување стипендии, правата и обврските на примателите на стипендиите како и други прашања кои се однесуваат на начинот на доделување на стипендиите на талентирани ученици и студенти од Општина Велес. (во понатамошниот текст-Правилникот).

Член 2

Предлог за доделување стипендии дава Комисијата за стипендирање талентирани ученици и студенти формирана од Советот на Општина Велес до Советот на Општина Велес, кој носи одлука за избор на телентирани ученици и суденти кои ќе добијат стипендија.

Доделувањето на стипендиите се врши на свечена седница. Доделувањето го врши Градоначалникот на Општина Велес или членови на Комисијата.

За бројот на стипендиите и висината на стипендијата, одлучува Комисијата.

Комисијата го распишува јавниот конкурс и ги утврдува условите за пријавување. (во понатамошниот текст -Комисијата).

Видови и број на стипендии

Член 3

Општина Велес ќе доделува:

- 10 стипендии на талентирани ученици од II до IV година во средно образование;
- 10 стипендии на талентирани студенти со завршена најмалку една година од студиите во високото образование.

Висината на стипендиите е:

- За ученици стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во учебната/академска годината;
- За студенти стипендијата е во висина од 2.500 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во учебната/академска годината.

Услови и критериуми за доделување стипендии

Член 4

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Северна Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

- Да се редовни ученици од средно образование (од II, III или IV година) со одличен успех (за годината која и претходи на година во која аплицира за стипендија) кои освоиле награда на општински, регионални и државни натпревари и меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот;
- Да се редовни студенти до 29 години (со минимум запишана II година) кои освоиле награда на државни и меѓународни натпревари од областа на науката, техниката, културата, спортот и други учества, а кои во претходните години на студии постигнале просечен успех од 9,00 или над 9,00.
- Да се жители на Општина Велес и
- Да се државјани на Република Северна Македонија.

Бодирање

Член 5

1.Бодирањето за **ученици** ќе се врши преку:
- Освоени награди во претходната учебна година на општински натпревари за I место со **8 бода**, за II место со **6 бода** и за III место со **4 бода**;
- Освоени награди во претходната учебна година на регионални натпревари за I место со **10 бода**, за II место со **8 бода** и за III место со **6 бода**
- Освоени награди во претходната учебна година на државни натпревари за I место со **16 бода**, за II место со **12 бода** и за III место со **8 бода**;
- Освоени награди во претходната учебна година на меѓународни натпревари за I место со **30** бода, за II место со **20** бода и за III место со **10** бода;

Кога е освоена награда во категорија на групно/тимско натпреварување бодовите се намалуваат за половина во однос на став 1 алинеја 1,2,3,4.

-Општествените и интелектуални иницијативи на учениците (учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и слично) ќе се бодираат со по 1 бод (учества во претходната учебна година)

Во случај да има двајца кандидати со ист број бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба- надоместокот кој се добива по член на семејството.

2.Бодирањето за **студенти** ќе се врши преку:
-Освоени награди на државни натпревари за I место со **15** бода, за II место со **10** бода и за III место со **5** бода;
-Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со **30** бода, за II место со **20** бода и за III место со **10** бода;
- Општествените и интелектуални иницијативи на студентите (учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти активни партиципации во НВО, благодарници и сл.) ќе се бодираат со по 1 бод
- Објавени стручни трудови од областа за која студира со **5** бода ,

Во случај да има двајца кандидати со ист број бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба- надоместокот кој се добива по член на семејството.

3.Бодирањето на учениците и студентите во зависност **од успехот** кој е постигнат од претходната учебна/академска година ќе се врши на следниот начин:
- **учениците** кои имаат континуиран одличен успех (5,00) ќе се бодираат со 10 бода, а учениците со одличен успех со 5 бода;

-**студентите** ќе се бодираат на следниот начин:
- за успех од 9,00 -9,10 со 2 бода;
- од 9,11 -9,20 со 4 бода;
- од 9,21 -9,30 со 6 бода;
- од 9,31 -9,40 со 8 бода;
- од 9,41 -9,50 со 10 бода;
- од 9,51 -9,60 со 12 бода;
- од 9,61 -9,70 со 14 бода;
- од 9,71 -9,80 со 16 бода;
- од 9,81 -9,90 со 18 бода;
- од 9,91 -9,99 со 20 бода;
- со 10,0 со 25 бода;

Член 6

Комисијата го задржува правото да го вреднува опсегот, рангот и тежината на општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари на кои учениците и студентите освојуваат награди.

Согласно вредносната проценка на напреварот, Комисијата може да додели помал број на бодови од предвидените согласно член 5 од Правилникот, која одлука членовите на Комисијата ја носат со мнозинство гласови од членовите.

Обезбедување на средствата за стипендиите

Член 7

Средствата за финансирање за стипендирање на талентираните ученици и студенти се обезбедуваат од Буџетот на Општината.

Средства за финасирање на стипендијанти можат да се обезбедат и од општествено одговорни компании.

Доколку има дополнителни средства по основ на став 2 од овој член, Комисијата донесува одлука со која ги уредува правата и обврските на донаторот и начинот на доделување на стипендијата кон стипендијантот.

Бројот на стипендии за тековната година може да се зголеми во зависност од обезбедените и прибраните средства од донаторите.

За зголемениот број на стипендии за тековната година, Комисијата ќе донесе посебна Одлука во која ќе го определи бројот на стипендии и ќе го утврди донаторот и висината на средствата.

Јавен конкурс

Член 8

Јавниот конкурс го објавува Комисијата и содржи: вид и број на стипендии, услови за доделување на стипендии, потребна документација, место и рокови на поднесување на документацијата.

Конкурсот се објавува на огласна табла и на интернет страната на Општината www.veles.gov.mk, на огласна табла во сите средни училишта во градот.

Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти за тековната година ќе биде објавена на огласна табла во Општинскиот центар за услуги, на веб страната и во Службено гласило на општината.

Член 13

По донесувањето на одлуката од СОВ, Комисијата ги известува добитниците.

Начин на исплаќање

Член 14

Стипендијата ќе се исплатува 9 (девет) месеци во годината, започнувајќи од месец октомври, па се до месец јуни.

Првиот дел од стипендијата се исплаќа во месец декември, и е за три месеци, а вториот дел се исплаќа во период крај на мај почеток на јуни и е за шест месеци.

Стипендијата се уплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендијата.

Завршни одредби

Член 15

Членовите на Комисијата се должни да се придржуваат на одредбите од Правилникот.

Член 16

По предлог на членовите на Комисијата овој Правилник може да се менува, на начин и во постапка како што се и донесува.

Член 17

Правилникот стапува во сила со денот на неговото донесување а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-4014/6
20.10.2026 година
Велес

Претседател
на Комисија за стипендирање на
талентирани ученици и студенти на Општина Велес
Снежана Бошевска
С. Бошевска

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, („Службен гласник на Општина Велес" бр.11/11) Комисијата стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на ден 20.10.2026 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес за 2026/2027 година

Вовед

Основна цел и задача на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес е стипендирање на талентирани ученици и студенти од Општина Велес кои во текот на образовниот процес покажуваат значајни резултати, со што ќе се поттикнува и поддржува интелектуалниот развој на младата генерација од сите научни области и дисциплини. (Во понатамошниот текст - Комисијата).

Комисијата ќе го следи и економски ќе го помага научниот развој на учениците и студентите на Општина Велес.

Појдовни начела

1. Досегашните искуства и потреба за доделување на стипендии за талентирани ученици и студенти со високи образовни резултати.
2. Потребата за поддршка на талентираните ученици и студенти.
3. Комисијата, своите должности и одговорности ќе ги остварува според Уставот, Закон, Деловникот за работа, Годишната програма за работа на Комисијата, Правилникот за услови и критериуми за доделување на стипендии и насоките на Советот на Општина Велес.

Дејствување

- откривање, стимулирање и негување надарени ученици и студенти од различни области на науката, техниката,културата,уметноста и спортот;
- соработка со воспитно- образовните институции и менторите;

- **Цели и задачи**
- Доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти од Општина Велес;
- поттикнување на високи резултати во сите научни области;

Појдовни критериуми

- постигнати високи резултати во образованието;
- постигнати високи резултати на општински, државни и меѓународни натпревари;
- талентираност на стипендијантот;

Конкурсни рокови

- конкурсен рок на ученици и студенти: месец- октомври/ноември

Финансирање

Средствата за финансирање за стипендирање на талентираните ученици и студенти се од Буџетот на Општината, како и финансиски средства од донации од општествено одговорни компании.

Бројот на стипендијантите според средствата обезбедени во Буџетот на Општината за оваа намена се десет за ученици и десет за студенти.

Дополнителни средства се обезбедени од две општествено одговорни компании од Општина Велес кои со свои средства ќе учествуваат во стипендирање на повеќе ученици и студенти.

Од страна на Жито Маркети Велес се донираат 10 стипендии 7 за ученици и 3 за студенти, а од страна на Агриа Агроиндустриска групација Велес донирани се 2 стипендии за ученици и 2 стипендии за студенти.

Идни активности

- прибирање на средства од повеќе донатори;
- организирање на состаноци со правни лица за запознавање на работата на Комисијата и поддршка од нивна страна за талентираните ученици и студенти;
- информирање на поширока јавност со Јавниот конкурс за доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти;

Број 09-4014/7
20.10.2026 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на
талентирани ученици и студенти во Општина Велес
Снежана Бошевска
С. Бошевска